***Република Македонија***

***ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ***
***НА МАКЕДОНИЈА***
***Број: 02 - 7650/2***
***05.06. 2007 год.***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од XIV-та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 05.06.2007 година во 10.00 часот, во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Аљбон Џемаили, претставник од Министерството за здравство-претседател ;*
- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, државен секретар во Министерството за финансии - заменик претседател;*
- *М-р Маријана Лончар Велкова, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член*
- *М-р Борис Јосифовски, пензионер, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член. Пред почетокот на седницата телефонски го извести претседателот на Управниот одбор дека на патот за Скопје доживеал тешка сообраќајна незгода поради што не успеа да пристигне на седницата.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ*
- *Љатиф Аљиљи, заменик на директорот*
- *Лазар Трајчев, помошник на директорот за правни работи (делумно присутен)*
- *Ромела Поповиќ, помошник на директорот за финансии (делумно присутна)*
- *Слаѓана Пешевска, помошник на директорот за секторот човечки ресурси (делумно присутна)*
- *Маја Чемерикиќ, помошник на директорот за фармација (делумно присутна)*
- *Златко Алексов, претседател на Комисија за јавни набавки (делумно присутен)*
- *Герасим Тренчески, началник на план и анализа (делумно присутен)*
- *Лидија Маркузанова, началник на одделение за човечки ресурси (делумно присутна)*
- *Ана Петрова, началник за контрола, (делумно присутна)*
- *Благој Дончев, началник за информатика, (делумно присутен)*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар*

*На седницата присуствуваа и д-р Зора Узуноска од Министерството за здравство и Франциско Рејес Сантиас, консултант од Шпанија во својство на организатор и изведувач на обуката за членовите на Управниот одбор на Фондот.*

*Претседателот Аљбон Џемаили ја отвори седницата. Утврди дека на седницата присуствуваат пет членови на УО меѓу кои се претставниците на Министерството за здравство и Министерството за финансии со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување. Потоа го предложи следниот*

## ***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

*-Усвојување на записникот од XIII седница на УО одржана на 04.05.2007 година;*

1. *Авансна исплата на стоматолози од специјалистичко-консултативна здравствена заштита*
2. *Барање од лекарска комора (одложено од XIII седница) - Специјалисти лимит*
3. *Листа на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*
4. *Донесување на одлука за плаќање на досегашните побарувања од страна на МАНУ од Фондот*
5. *Предлог-Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на вредноста на основниот поен од член 9 од Правилникот за начинот на плаќањето на лабораториските испитувања во специјалистичко консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар*
6. *Измени на систематизација*

*7. Утврдување на Предлог-Ребаланс на Буџет за 2007 година*
*8. Разно*

*Во врска со барањето од Лекарската комора на Македонија предложено како втора точка на дневниот ред, Страшо Наумоски, претставник на Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија ги извести членовите на Управниот одбор дека за 06.06.2007 година е закажана седница на трилатералната комисија. На таа седница ќе биде разгледан и ставот на Лекарската комора изнесен во барањето. Поради тоа предложи Управниот одбор на Фондот да го стави на дневен ред барањето на Лекарската комора откога ќе биде разгледано од трилатералната комисија.*

*Страшо Наумовски на седницата достави и ново барање од Лекарската комора за автентично толкување за примена на членот 2-а од Одлуката за измена и дополнување на одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите. Побара ФЗОМ да одговори на барањето во писмена форма.*

*Управниот одбор едногласно одлучи и двете барања на Лекарската комора да бидат на дневниот ред на наредната седница.*

*По ова, членовите на Управниот одбор на ФЗОМ едногласно го прифатија и усвоија следниот*

## ***Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

*-Усвојување на записникот од XIII седница на УО одржана на 04.05.2007 година;*

1. *Авансна исплата на стоматолози од специјалистичко-консултативна здравствена заштита*
2. *Листа на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*
3. *Донесување на одлука за плаќање на досегашните побарувања од страна на МАНУ од Фондот*
4. *Предлог-Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на вредноста на основниот поен од член 9 од Правилникот за начинот на плаќањето на лабораториските испитувања во специјалистичко консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар*
5. *Измени на систематизација*
6. *Утврдување на Предлог-Ребаланс на Буџет за 2007 година*
7. *Разно*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.*

*- Усвојување на записникот од тринаесетата седница на УО, одржана на 04.05.2007 година*

*Членовите на Управниот одбор, забележаа дека обемниот записник од тринаесетата седница го добиле пред одржувањето на оваа седница. Д-р Страшо Наумоски и Маријана Лончар Велкова побараа дополнување на нивните излагања од тринаесетата седница. Поради тоа Управниот одбор одлучи дополнетиот записник да им биде доставен на членовите во рок од седум дена по што ќе се произнесат.*

*Во врска со претходното, Управниот одбор донесе*

***Заклучок:** Записникот да се доставува на членовите најдоцна седум дена по одржувањето на седницата на која се однесува.*

***ТОЧКА 1** - Авансна исплата на стоматолози од специјалистичко-консултативна здравствена заштита*

*Лазар Трајчев наведе дека поради фактот што стоматолозите од специјалистичко-консултативна здравствена заштита преминуваат од јавните здравствени установи во приватни и неизвесноста со која се соочуваат поради тоа, би било добро да им се амортизира концесионирањето. Тоа беше направено со концесионерите од примарната здравствена заштита и беше добро прифатено односно даде позитивни резултати. Се работи за околу сто стоматолози.*

*Ромела Поповиќ додаде дека во буџетот има за тоа предвидени средства па предлагаме да им се исплати еднократен аванс од 40.000,00 денари, износ кој одговара на исплатите кои Фондот ги вршел кај примарците.*

*Во дискусијата се вклучија Маријана Лончар Велкова, Борис Јосифовски и Страшо Наумоски кои прашаа како тие ќе се отчитаат пред Фондот за работењето во првите четири месеци од годината.*

*Ромела Поповиќ објасни дека по исплаќањето на 40.000,00 денари ќе бидат повикани да ги достават фактурите за извршени услуги во тие месеци.*

*Директорот Тренкоски дополни дека проблемот настанал поради долгиот период од донесувањето на правилникот за стоматолозите во февруари до давањето согласност од министерот кон крајот на април. Поради тоа, настана вакуум период во кој правилникот не беше влезен во сила.*

*Маријана Лончар Велкова и Борис Јосифовски истакнаа дека е важно да се обезбеди стриктна контрола на работењето како би се имало точен увид во извршените и фактурираните услуги. Од аспект на осигурениците е важно да се обезбеди во сите здравствени установи на видно место да биде истакната ознака дека здравствената установа има договор со Фондот и да биде објавена висината на учеството што осигурениците треба да го платат за секоја здравствена услуга.*

*По оваа дискусија, Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок**: Се задолжува менаџментот на Фондот да обезбеди во сите установи кои имаат договор со Фондот на видно место да биде истакната ознака дека*

*установата има склучено договор со Фондот, и да биде објавена висината на учеството што осигурениците треба да го платат за секоја здравствена услуга.*

*Во врска со предложената висина на авансот што ќе им се исплати на стоматолозите од специјалистичко-консултативна здравствена заштита, заменик директорот Љатиф Аљиљи наведе дека стоматолозите бараат две исплати по 40.000,00 денари.*

*Претседателот Аљбон Џемаили на гласање ги стави предлогот на стоматолозите и предлогот на менаџментот на Фондот по што Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за авансно финансирање на стоматолозите од специјалистичко-консултативната здравствена заштита (концесионери)***

*со која утврди да се изврши еднократна исплата на аванс во висина од 40.000,00 денари*

***ТОЧКА 2*** *- Листа на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Директорот Георги Тренкоски ги извести членовите на Управниот одбор дека комисијата за позитивната листа именувана од Министерот за здравство работеше на листата неколку месеци. Целта на оваа листа е да се подобри квалитетот и асортиманот на лекови кои ќе можат да ги добијат осигурениците на Фондот. Листата е доставена на разгледување на Светската банка која од своја страна побара мислење од Министерството за финансии и Фондот со анализа за финансиски импликации на предложената листа. Светската банка побара дури кога ќе се добијат задоволителни резултати од анализите, листата да биде предложена за усвојување. Според тоа, материјалот кој е доставен до членовите на Управниот одбор има за цел запознавање на Управниот одбор со предложените подобрувања на листата по квалитет и асортиман по генерики.*

*По излагањето на директорот, Маја Чемерикиќ за членовите на управниот одбор детално ги објасни предложените подобрувања на листата.*

***ТОЧКА 3*** *- Донесување на одлука за плаќање на досегашните побарувања од страна на МАНУ од Фондот*

*Лазар Трајчев објасни дека МАНУ по основ на извршени лабораториски анализи на осигурениците на Фондот преку Истражувачкиот центар за генетско инженерство и биотехнологија кон Фондот има побарување од околу 16.000.000,00 денари. Овој износ е утврден врз основа на доставените фактури според ценовникот за лабораториски анализи на Истражувачкиот центар. Инаку, Фондот во 2006 година го раскинал договорот за вршење на анализите бидејќи МАНУ е научна а не здравствена установа и Истражувачкиот центар нема решение од министерството за здравство за вршење здравствени услуги. Во овој момент 28 анализи е во состојба да ги изврши само Истражувачкиот центар на МАНУ, додека останатите може да се извршат и во здравствени установи.*

*Борис Јосифовски изрази мислење дека ако некои анализи може да се прават само во МАНУ Фондот не треба да се откаже од тие услуги само заради статусот на МАНУ како научна установа.*

*Директорот Тренкоски наведе дека здравствените установи би требало да склучуваат договори со МАНУ за анализите кои им се потребни во вршењето на дејноста и за тоа да му платат, а не Фондот. Цените што ги плаќал Фондот на МАНУ се многу повисоки од оние што можат да се добијат во некои здравствени установи. Потоа побара Управниот одбор да го овласти менаџментот на Фондот да преговара за намалување на цените за извршените услуги во Истражувачкиот центар на МАНУ по што усогласеното побарување на МАНУ да биде платено.*

*Потоа Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за плаќање на лабораториски анализи***

*Со одлуката се овластува менаџментот на Фондот да преговара за намалување на цените за извршените услуги во Истражувачкиот центар на МАНУ по што да се плати побарувањето во висина на постигнатата спогодба.*

***ТОЧКА 4*** *- Предлог-Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на вредноста на основниот поен од член 9 од Правилникот за начинот на плаќањето на лабораториските испитувања во специјалистичко консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар и Правилник за измена и дополнување на Правилникот за начинот на плаќањето на лабораториските испитувања во специјалистичко-консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар*

*Лазар Трајчев објасни дека од Лекарската комора е побарано предвидените лабораториски испитувања. во основните биохемиски испитувања на товар на Фондот да се дополнат со АСАТ (ГОТ) испитувањето. Со вклучување на овие лабораториски испитувања се овозможуваат повеќе услуги за осигурениците што е позитивно за осигурените лица. Освен тоа, Фондот по направени финансиски анализи утврди дека може да го поднесе ова вклучување. Поради тоа и Фондот ја поддржува предложената измена на правилникот.*

*Страшо Наумоски истакна исто така наведе дека правилникот ќе биде добар кога ќе се дополни со АСАТ (ГОТ) испитувањето. Ова испитување е потребно за црниот дроб па и покрај тоа што ќе предизвика повеќе трошоци, тоа е оправдано со неговото значење при дијагностицирањето.*

*Со Одлуката за утврдување на вредноста на основниот поен вредноста од 5,20 се зголемува на 5,40 денари. Претставникот на Лекарската Комора побара вредноста на поенот да биде 6,50 денари.*

*Директорот Тренкоски наведе дека токму вредноста од 5,40 денари е утврдена во согласност со Лекарската комора.*

*По ова предлогот вредноста на поенот да се утврди на 6,50 денари не доби поддршка од членовите и Управниот одбор на Фондот едногласно донесе*

***Правилник***
***за измена и дополнување на Правилникот за начинот на плаќањето на лабораториските испитувања во специјалистичко-консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар**, и*

***Одлука***
***за изменување на Одлуката за утврдување на вредноста на основниот поен од член 9 од Правилникот за начинот на плаќањето на лабораториските испитувања во специјалистичко консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар***

***ТОЧКА 5** - Измени на систематизација*

*Слаѓана Пешевска потсети дека по објаснувањето за потребата од формирање на одделение за јавни набавки дадено на тринаесетата седница на Управниот одбор, стручните служби на Фондот беа задолжени да ги изготват правните акти потребни за формирање на одделението. Во таа смисла, пред членовите на Управниот одбор се наоѓа Правилникот за измени и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија. Формирањето на одделението нема да значи нови вработувања туку ќе бидат распоредени работници што работат на други работни места. Со овој правилник се воведува и работно место Информатичар во Подрачната служба Скопје а во Подрачната служба Дебар бројот на извршители на работното место контролор на придонеси, од еден се зголемува на два.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***
***за измени и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

***ТОЧКА 6** - Утврдување на Предлог-Ребаланс на Буџет за 2007 година*

*По оваа точка, Герасим Тренчески објасни дека забележана тенденција на измени во некои ставки на приходите и расходите, поради што треба да се изврши ребаланс на буџетот, постапка што е регулирана во Законот за буџет.*

*Управниот одбор едногласно го усвои **Ребалансот на буџетот за 2007 година***

***ТОЧКА 7 -** РАЗНО*

***7.1** Статут на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Лазар Трајчев објасни дека согласно Законот за здравственото осигурување, текстот на статутот донесен на тринаесетата седница на Управниот одбор беше доставен до Владата на Република Македонија заради добивање согласност. Владата пред донесувањето на одлука побарала усогласено мислење за текстот на статутот од Министерството за здравство, Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство. Пред давањето на усогласеното мислење, Министерстовото за здравство укажа на членовите 13 и 15 од статутот. Во овие членови предложи да се утврди поинаков начин на пренесување на овластувањата во случај на отсусто на едното од лицата од кои се состои директорот и во условите кои треба да ги исполни лицето кое конкурира за директор на Фондот. Поради тоа, на Управниот одбор му предлагаме да го усвои текстот на статутот во кој се вклучени сугестиите на Министерството.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Статут***
***на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

**7.2** *Предлог-Правилник за измена и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала*

*Лазар Трајчев објасни дека овој правилник е изготвен по барање на здружението на родители на деца со проблеми со слухот.*

*Д-р Ана Петрова дополни дека со правилникот им се овозможува на осигурените лица вградување на кохлеарен имплантант со менување на потрошните делови. Се предвидува за лицата до 18 години учеството во вкупните трошоци на потрошниот материјал да биде 10% а над 18 години 20%.*

*На ова реагираа Маријана Лончар Велкова, Борис Јосифовски и Страшо Наумоски кои сметаат дека висината на учеството не треба да биде различно во зависност од возраста и дека тоа треба да биде во висина од 10% за двете старосни групи.*

*Управниот одбор едногласно одлучи оваа измена да се внесе во предложениот текст по што донесе*

***Правилник***
***за измена и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала***

**7.3** *План за јавни набавки*

*По оваа точка објаснување даде Златко Алексов. Тој наведе дека е потребно да се изврши измена на планот за јавни набавки заради зголемување на капацитетот на службата за обезбедување во зградата на Фондот и во зградата на Подрачната служба Скопје. Во зградата на Фондот е потребно да се подобри обезбедувањето во менаџерскиот дел од зградата па оттаму потребата да се ангажираат шест лица за обезбедување наместо досегашните четири. Објаснувањето го дополнија Ромела Поповиќ и директорот Георги Тренкоски кои*

*укажаа дека благодарение на конкуренцијата во понудата на услуги за обезбедување, зголемувањето на бројот на лица во обезбедувањето нема да предизвика значително зголемување на вкупните трошоци за обезбедување.*

*Потоа, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки во 2007 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

**7.4** *Барање од ПЗУ Градска Аптека Кочани*

*Маја Чемерикиќ објасни дека кај ПЗУ Градска Аптека Кочани во текот на постапката за склучување на договор со Фондот настанале проблеми околу именувањето на овластено лице - директор на аптеката. Од таа причина со нив не можел да биде склучен договор. Сега откако согласно законите е именувано овластено лице бараат Фондот да склучи договор со нив. Аптеката веќе има земено лекови за 4.800.000,00 денари. Инаку оваа здравствена организација има осум аптеки од кои три се во рурални подрачја. Условите за склучување на договор ги исполниле но поради немање на овластено лице договорот не можеше да се склучи порано.*

*Директорот Тренкоски наведе дека Подрачната служба Кочани има најмала квота за аптеки по осигуреник од сите подрачни служби и предложи со оваа аптека да се склучи договор, по што до крајот на годината ќе се балансира со плаќањата кои веќе ги добиле.*

*По овие излагања, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука: се прифаќа барањето на ПЗУ Градска аптека Кочани и се задолжува Фондот да склучи договор со оваа здравствена установа.***

**7.5** *Аптеки во Матејче и Соње*

*Директорот Тренкоски извести дека врз основа на добиени решенија за вршење на дејност промет на лекови на мало - аптеки издадени од Министерството за здравство утврдено е дека на територијата на општината Липково каде припаѓа село Матејче и на територијата на општината Сопиште каде припаѓа Соње Фондот нема склучено договор со ниедна аптека. Затоа, со цел подобрување на територијалната покриеност на Република Македонија во смисла на подобрување на достапноста на лекови на товар на Фондот за осигурениците во овие региони, предлагам Фондот да склучи договор со овие аптеки.*

*Аљбон Џемаили додаде дека Фондот нема склучено договор ниту со аптека од подрачјето на општина Осломеј која има 18.000 жители. Меѓутоа во оваа општина, аптеката која порано била во склоп на здравствениот дом сеуште нема добиено дозвола од Министерството за здравство. Предлага да се заземе за побрзо завршување на постапката за издавање дозвола по што Фондот да склучи договор и со оваа аптека.*

*По ова излагање, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за склучување договор со аптеки во село Матејче и село Соње со квота од 120.000 денари за шест месеци**, и*

***Заклучок:** Претседателот на Управниот одбор да се заземе за побрзо спроведување на постапката за издавање дозвола на аптеката во Осломеј по што и со неа да се склучи договор под истите услови.*

***7.6** Учество кај примарната стоматологија*

*По оваа точка даде објаснување Љатиф Аљиљи, заменик директор на Фондот. Тој објасни дека износите на учеството потекнуваат од 2005 година и дека се укажа потреба за нивно зголемување.*

*Страшо Наумоски изрази своето незадоволство, наведувајќи дека на барањата на стоматолозите се гледа благонаклоно додека на барањата што потекнуваат од Лекарската комора на Македонија најчесто се дава негативен одговор.*

*Маријана Лончар Велкова укажа дека во предлогот не гледа показател според кој се зголемуваат износите на учеството. Треба најпрвин стручната служба да го обработи предлогот па потоа да се разгледува.*

*Директорот Тренкоски објасни дека овој предлог нуди привремено решение од приближно шест месеци, бидејќи потоа стоматологијата освен детската нема да биде во основниот пакет услуги што ги обезбедува Фондот.*

*По ова објаснување, Управниот одбор едногласно донесе*

***ОДЛУКА***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите***

***7.7** Правилник за дополнување на Правилникот за утврдување на висина на платите на работниците во Фондот за здравствено осигурување на Македонија - Скопје*

*Објаснување по оваа точка даде Слаѓана Пешевска наведувајќи дека измените предложени со овој правилник произлегуваат од измените во систематизацијата со кои се воведени нови работни места. За овие работни места е потребно да се определи висина на плата изразена во бодови.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***
***за дополнување на Правилникот за утврдување на висина на платите на работниците во Фондот за здравствено осигурување на Македонија - Скопје***

***7.8** Приговори од работни односи*

*Содржината на приговорите пред управниот одбор ја изнесе Слаѓана Пешевска. Разгледани се барањето на Ракип Малоски од Дебар и приговорите на Веселин Стојчевски од Битола и Јакимовска Цветлана од Охрид*

- *Во однос на барањето на Ракип Малоски, Слаѓана Пешевска го извести Управниот одбор дека со Правилникот за измени и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија, кој претходно на оваа седница беше донесен, во подрачната служба Дебар е зголемен бројот на извршители на работното место контролор на придонес. На новоотвореното место ќе биде распореден Ракип Малоски. На тој начин неговото барање доставено до Управниот одбор станува беспредметно.*

.
*По ова излагање Управниот одбор ги прифати информациите за барањето на Ракип Малоски.*

- *Приговорите на Веселин Стојчевски и Јакимовска Цветлана Управниот одбор заеднички ги разгледа. Слаѓана Пешевска наведе дека овие двајца работници се распоредени на работа во Прилеп, односно Дебар заради задоволување на потребите на работниот процес. Распоредувањето со наредба е начин без вработување на нови работници да се обезбеди редовно одвивање на работите во подрачните служби.*

*Потоа, Управниот одбор ги прифати информациите од стручната служба на Фондот во врска со овие приговорите и одлучи истите да ги одбие.*

*Управниот одбор заврши со работа во 12.50 часот.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Аљбон Џемаили***